РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4414/3
18.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 29.10.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арѓенд Целили, Виктор Стојанов, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, Конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.10.2024 година.
2. Разгледување на квартални те извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јули до 30 септември 2024 година.
3. Предлог за давање одобрување на директорот на Агенцијата за потпишување Колективен договор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог- Колективен договор.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.10.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата ги разгледа Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јули до 30 септември 2024 година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување на директорот на Агенцијата за потпишување Колективен договор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со Предлог-колективен договор. Објасни дека во последниот период има се повеќе државни институции кои потпишуваат Колективен договор со гранските синдикати со кој се доуредуваат односите, правата и обврските кои што ги имаат вработените. Наведе дека Агенцијата има Синдикална организација што е дел на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи, Здруженијата на граѓани, познат како УПОЗ. Повеќе месеци наназад, членовите на Синдикатот заедно со претседателот на УПОЗ, работеа на текстот на колективниот договор, кој што е доставен на седницата како предлог. Целта на овој договор е да се уредат правата, обврските, одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените, но кои што се поголеми и поповолни права од оние коишто се предвидени во Законот за работни односи, Гранскиот колективен договор и Општиот колективен договор за јавниот сектор. Со овој Колективен договор се воведуваат поповолни права и новини за вработените во Стручната служба на Агенцијата, како на пример ќе се овозможи работа од далечина еден ден во текот на неделата, за што ќе се воспостави и соодветна евиденција на работното време, потоа ако член на семејството има тешка форма на заболување, тогаш работата од далечина може да биде подолготрајна, а работата од далечина може да биде организирана и подолготрајно при неповолни временски услови, екстремно ниски или високи температури или во случај на вонредни услови, како што беше пандемијата во 2020-2021 година. Годишниот одмор се зголемува на најмногу 32 дена со точно утврдени критериуми врз основа на кои се определува годишниот одмор - време поминато во работен однос, сложеност на работно место за, што досега беше 1 ден, а сега се предлага од 1 до 3 дена во зависност од работната позиција, возраст, здравствена состојба, односно право на уште 2 дополнителни работни дена од годишниот одмор имаат вработени кои боледуваат или боледуваат од посериозни нарушувања на здравствената состојба, што ќе се потврди со лекарска белешка, односно потврда. Во однос на платеното отсуство, се воведува можност за 4 часовно платено приватно отсуство во текот на еден месец кое што не треба да се одработува и не се надоместува од годишен одмор. Дополнително може да се искористат и 4 работни часа за приватни потреби, коишто треба или да се одработат или да се заменат со денови од годишниот одмор. Досега, по враќање од службено патување, вработениот следниот ден се јавуваше на работа, без оглед кога се вратил од службен пат. Со Колективниот одговор

се овозможува доколку враќањето е во периодот меѓу 20 часот и полноќ, да може следниот ден да работи од далечина, со што треба да се обезбедат непрекинати 12 часа одмор. Доколку враќањето е после 24 часот, вработениот тој ден има право на платено отсуство, или ако службеното патување или враќањето е во неработен ден или празник, има право на сразмерно платено отсуство првиот работен ден по враќањето. Со колективниот договор се воведува можност и за приватно здравствено осигурување, со тоа што половината од износот го плаќа работодавачот, а другата половина вработениот, а се воведува и обврската за редовни медицински прегледи на секои 12 месеци наместо 18 месеци, кои се предвидени со Законот за работни односи. Се менува и начинот на пресметка на платата, односно основната бруто плата ќе биде составена од просечна бруто плата, коефициент на сложеност на работно место и дел на плата за минат труд. Овој начин на пресметка стапува на сила со потпишување на овој Колективен договор, меѓутоа треба да се направи измена, така што одредбите кои се однесуваат на платата ќе се применуваат од 1 декември 2024 година. Причината е што новиот начин на пресметка на платите не може да се примени со исплата на платата за месец ноември, бидејќи претходно мора да се направи промена на Правилниот за исплата на плати, а тоа ќе се случи по одобрување на Колективниот договор од страната на Советот и потпишување со претседателот на УПОЗ. Основата за пресметка на коефициентот на сложеност на работно место е просечната исплатена бруто плата во 2023 година, зголемена за 5%, согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор. Дополнително коефициентот на сложеност на работно место се зголемува според степенот на образование. Точните проценти се наоѓаат во текстот на Колективниот договор и тие се еквивалентни на 100, 50 или 20 бода според досегашниот начин на пресметка на плата според Правилникот за бруто плата. Се утврдува и право на додаток на плата, во висина од 30% од износот на основната плата поради специфичности и сложеност на работата или зголемен обем на работни задачи, со точно утврдени критериуми за утврдување на овој додаток. Исто така се зголемуваат и трошоците поврзани со работата на надоместокот за парична помош во случај на смрт на вработен или член на потесно семејство, најмалку две просечни нето плати и јубилејната награда која до сега беше една просечна плата, сега за 30 или 40 години стаж и заминување во пензија се предлагаат две просечни нето плати.

Г-дин Петрушевски се заблагодари за воведот и рече дека навистина има многу поволности за вработените. Го поздрави предложениот Колективен договор и рече дека вработените во Агенцијата според него ги заслужуваат овие предлози. Се изјасни дека ќе даде поддршка.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со тоа дека вработените во Агенцијата заслужуваат многу повеќе од ова што е предложено, затоа што Агенцијата е една од институциите во државата за која што може да се каже дека голем обем на работа и највисоко ниво на професионализам. Објасни дека е поборник за колективни договори, затоа што со нив се унапредуваат одредени права и во демократските општества им овозможуваат на работниците да имаат квалитетен живот. Објасни дека од друга страна, тие како Совет немаа учество во подготовка на самиот текст, во преговарање на овие одредби. Покрај многуте добри одредби коишто ги кажал директорот, од него има и нејасни одредби, коишто докрај не се дефинирани. Најави дека ќе се задржи на една одредба која што за него не е јасна, како што е член 7 став 1 дека вработените имаат право еден ден во текот на неделата да вршат работа од далечина, во согласност со распоред направен од непосредниот раководител, којшто води сметка за обемот и

динамиката на работните задачи. Ако вака се чита значи дека задолжително секој вработен треба во неделата еден ден да биде дома и да работи од дома, што не е соодветно затоа што природата на работите тоа не го дозволува на сите работни места. Според него ова е така формулирано да прави нејаснотии и веројатно не се мислело на тоа. Има и други одредби кои што според него од правен аспект се нејасни, недоречени и можат да предизвикаат можности за различно толкување. Од друга страна, како член на Совет, на којшто мандатот му завршува многу скоро затоа што веќе во Собранието на РСМ е распишан оглас за избор на нови членови, на крај на мандатот да носат ваков акт, пред да дојдат новите членови, за него е непринципиелно и не може да се согласи. Со сета почит кон сите вработени и кон добрата намера на директорот ова да се спроведе, но да бил вклучен и Советот во разговори, во преговори, каде што ваквите формулации би биле јасни, во случајов можат да бидат само забуна и предмет на идни спорови и нејаснотии во примената. Се изјасни дека овој Колективен договор не може да го поддржи.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка на предложениот Колективен договор. Се согласи со констатацијата на претседателот Петрушевски дека се предложени поголеми бенефиции за вработените, што е добро според него, затоа што на тој начин ќе им се даде поттик за уште поквалитетна работа во иднина, и истовремено, ќе биде стимулација за остварување на зацртаните цели што ги имаат во своето работење. Верува дека ќе биде така и дека вработените ќе го оправдаат на тој начин она што е ставено во договорот. Посочи дека е поборник за потпишување на колективни договори, како што кажал и г-дин Трајчев. На тој начин вработените ќе имаат поголема сигурност, стабилност и можност да по посветено се однесуваат кон работните обврски. Наведе дека не се согласува со констатацијата на г-дин Трајчев дека не треба да носат одлуки затоа што овој состав на Советот е на крај на мандатот и затоа што Собранието распиша конкурс кој што тече. . Објасни дека без оглед, додека трае мандатот, според него, до последниот ден имаат законска обврска и право да носат одлуки за коишто се надлежни. Во овој случај треба да дадат одобрение на директорот да го потпише овој колективен договор со Синдикалната организација на Агенцијата, но и со УПОЗ, Гранковниот синдикат што е во рамките на Сојузот на синдикати на Македонија. Од тие причини смета дека Советот треба да го поддржи овој документ за кој лично ќе гласа „за“.

Г-дин Трајчевски објасни дека разговорите со Синдикалната организација на Агенцијата со којашто смета дека меѓусебно имаат партнерски однос, траеја подолго, повеќе од една година. Во периодот на изборите не беше законски дозволено воопшто да се носат вакви акти. Разговорите потоа продолжија после јуни 2024г., кога се формираше Владата и овој договор се финализираше во форма што е денес тема на дискусија. Се согласи дека во Собранието се распиша конкурс за избор на нови членови на Советот, но минатата седница, Советот на Агенцијата донесе значајни измени на правилници. Објасни дека не може да се седи и да не се носат никакви акти затоа што има конкурс. Конкурс имаше и во 2019 и 2021 година и тоа не значи дека Советот треба да чека да заврши конкурсот и целиот тој период да не работи. Дали сака или не сака, Советот ќе мора следниот месец многу брзо да го донесе и Финансискиот план и Програмата за работа, без оглед дали ќе се реализира конкурсот. Наведе дека конкурсот на Собрание апсолутно не е причина за не поддржување на Колективниот договор. Наведе дека токму сега во овој период се постигна согласност за сите точки во договорот и затоа е даден како предлог на седница и нема никаква друга причина.

Г-дин Ајдини рече дека добро го разгледал текстот на предложениот Колективен договор. Се изјасни дека секогаш бил и ќе биде поборник за повеќе права и поволности за вработените, така што за овој документ за којшто смета дека го содржи сето тоа ќе даде поддршка.

Г-дин Јанчески рече дека детално го прочитал Колективниот договор и смета исто како и претходните соговорници дека вработените заслужуваат многу поповолни услови од сегашните, пред сè заради сложеноста на работата и заради сето она што го имаа како активности во последните неколку години. Но, според него има некои точки за кои што смета дека не се во согласност со позитивните законски норми во државата. Г-дин Трајчев го спомна членот 7 со работење онлајн, со што секој вработен според овој Колективен договор има право еднаш неделно да ја врши работата од далечина, има право што може и да не го искористи. Рече дека познат му е случајот на многу фирми, претежно приватни, кои практикуваат работење онлајн, но претежно тоа се информатички фирми. Запознаен е дека Агенцијата има документ менаџмент систем, дека многу работи може да одработат онлајн, меѓутоа, сепак, со една ваква одлука можеби ќе се доведе до одредена дискриминација на одредени категории на вработени. Не сите можат да го користат ова право, има служби како архива, како чувар, возачи, хигиеничари, при што уставното начело на рамноправност меѓу вработените, односно граѓаните, ќе биде нарушено.. Наведе дека тоа се некои работи коишто го наведуваат да не гласа за овој Колективен договор. Објасни дека според него би била многу подобра ситуацијата да беше тоа потранспарентно во однос на членовите на Советот, да беше организирана некаква презентација, да се разговараше за овие работи, и можеби тоа ќе доведеше до подобри формулации. Рече дека има и прекрасни работи, се согласува со поголемиот дел од работите што се содржани во овој колективен договор, но во овој момент рече дека не е сигурен и размислува  што доколку утре, задутре, некој го оспори овој Колективен договор во однос на позитивните законски норми, не сака да преземе одговорност да гласа за нешто што можеби утре ќе биде оспорено. Информираше дека се консултирал со некои правници во меѓувреме и затоа не може да го поддржи овој Договор.

Потпретседателот на Синдикалната организација на Агенцијата Виктор Стојанов објасни дека членот 7 кои што го посочија дел од членовите на Советот беше инспириран од потребата да се има флексибилна работа, но во случаи кога работата може да се спроведе од дома или од далечина поточно. Вработените кои што го предложиле овој член биле инспирирани од посетата на регулаторот во Северна Рајна-Вестфалија во Германија каде што вработените имаат можност да работат два дена од дома. И тие имаат вработени коишто работат во архива, имаат возачи, и таму работата се организира така што нема да се работи од далечина доколку има неодложна потреба за работа од канцеларија, како што пишува и во самиот член, непосредниот раководител ја организира работата. Наведе дека и во предложениот Колективен договор би било исто, на пример организирање на Денови на медиумска писменост, кога има избори, кога има работи кои не можат да се спроведуваат од далечина, тогаш непосредниот раководител ќе ја организира така работата и ќе се работи исклучиво од канцеларија. Исто така објасни дека овој Колективен договор се подготвува од почетокот на септември 2023 година и една верзија на договорот имаше пред распишување на изборите околу февруари-март 2024 година. По завршувањето на изборите, бидејќи не може во изборен период да се потпишуваат колективни договори, по разговорите со директорот како работодавач, Синдикатот на Агенцијата

направи промени на предлог текстот. За одредени работи се согласиле, со кои ќе се зголемат правата на вработените и ќе бидат подобри од Гранскиот колективен договор и Општиот колективен договор во јавниот сектор. Така се дојде до овој финален текст, којшто е предложен на седницата од Синдикатот на Агенцијата кој што сега брои повеќе од 40 вработени.

Претседателот на Синдикалната организација на Агенцијата м-р Арѓенд Целили побара во име на сите вработени, Советот да го поддржи предложениот Колективен договор. Објасни дека документот се подготвувал повеќе од една година и притоа во овој период се приклучија уште 20 вработени како нови членови во Синдикална организација, што значи дека е околу 80 проценти од вкупниот број на вработени. За подготовка на текстот на предложениот Колективен договор беше консултиран УПОЗ и други релевантни институции, и уште еднаш побара Договорот да ја добие поддршката од Советот.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот, шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека овој Предлог Колективен договор го разгледувала во неколку наврати, но не како член на Синдикалната организација на Агенцијата, бидејќи не е, туку од аспект на негова усогласеност со позитивните законски прописи. Од колегите од Правниот сектор, добила компаративна табела, бидејќи побарала да добие образложение за секој член од Колективниот договор од кој член на Законот за работни односи или од други колективни договори кои што се веќе потпишани во државата, произлегува,. Објасни дека темелно е проверена правната основа, затоа што никој не сака да потпише нешто што не е во согласност со Законот. Потоа текстот темелно е проверен од правната служба на Агенцијата, даден е на мислење до адвокатската канцеларија којашто ја има ангажирано Агенцијата и исто така проверен е и со претседателот на УПОЗ, којшто исто така има правна служба и којшто не се доведува во ситуацијата да потпише нешто што е спротивно на Закон. Во однос на дискусијата за член 7 рече дека според неа тоа не е најважниот член и во дискусијата се доби впечаток дека работата од далечина како да не е работа. Наведе дека станува збор за работа подеднакво како и вработените да се во канцеларија. Но, за да се воспостави работа од далечина, мора прво да се воспостави соодветна евиденција на работното време, каде што ќе се проверува колку активно е вклучен вработениот во работниот процес. Потенцираше дека не станува збор за привилегија дека нема да се работи, тоа не треба така да се разбере, тоа е работа, но од дома, односно далечина. Било спомнато дека возачите и хигиеничарки нема да можат да работат од дома бидејќи природата на нивната работа е таква, но објасни дека така било и за време на пандемијата, и ќе биде во некои други ситуации, што не значи дека не се во нерамноправна положба бидејќи природата на нивната работа не го дозволува тоа. Претпостави дека и во информатичките фирми кои беа спомнати е така, бидејќи и тие имаат различни профили на кадар кои не можат да работат онлајн.

Г-ѓа Машовиќ рече дека сака да изрази целосна поддршка за Колективниот договор. Смета дека вработените во Агенцијата кои и најдолго ги познава, околу 14 години и некој месец, заслужуваат ваков договор. Изрази почит кон претседателот на Советот, кон членовите на Советот за долгогодишната соработка и кон директорот на Агенцијата за потегот кој го направи во интерес на вработените коишто навистина заслужуваат и повеќе од предложеното.

Г-дин Јанчески забележа дека Предлог-колективниот договор ужива мнозинство на гласови од Советот на Агенцијата. Во врска со дискусијата за работењето на одредени категории на вработени рече дека позади овој Колективен договор не стои некоја детална анализа во која што има контролни механизми за спречување на евентуални злоупотреби за да не се случи во иднина деновите кога се работи онлајн од дома да не бидат спојувани со празници, викенди или слично. Позади овој документ треба да стои некоја добра анализа на институцијата. Агенцијата сепак е сериозна институција и потребна е посебна внимателност кон овие работи. Напомена дека со мали измени и корекции, овој Предлог-колективен договор би бил прифатлив и ќе гласал за него.

Г-дин Фиданоски рече добива впечаток дека дискусијата по малку има призвук на ставање во позиција на Шпанска инквизиција, а тоа не треба да биде така. Советот е тука да го сработи тоа што му е зададено со Закон, и секако дека одлучуваат по сопствена волја и тоа е неприкосновено право што апсолутно сите го имаат. . Меѓутоа, како што рече ако се говори за уставни начела кои беа спомнати, смета дека поповолните услови за работа исто така влегуваат во некои од основните права на сите граѓани, а во овој случај на вработените на Агенцијата. Рече дека бил поттикнат од дискусијата во врска со членот 7 од Предлог-колективниот договор. Објасни дека и ден денес има не само информатички фирми туку и медиуми што работат од дома, односно попрецизно од далечина. После пандемијата, значи 3-4 години по ред во континуитет, работат од далечина бидејќи така се согласило мнозинството или така одлучил сопственикот на медиумот. Во високоразвиените западни демократски општества веќе е станато пракса најмалку 2 дена во неделата да работат од далечина и на тој начин се намалуваат и трошоците за работа. На пример како што спомнал директорот Трајчевски, екстремно ниски или високи температури, заразни болести или загаден воздух, ситуација во која што 3-5 дена по ред или 7 дена по ред цела Агенција, освен неколку вработени за кои што е неопходно нивното присуство, нема да бидат во просториите на Агенцијата. Рече дека не сака да биде сфатен погрешно, тој е поборник да се работи од седиштето на Агенцијата, меѓутоа е поборник пред сè да се работи најоптимално и најефикасно за Агенцијата и во тие 5, 6 или 7 дена да се намалат во доволна мерка трошоците со тоа што се работело од далечина, а ефектот од сработеното практично останува ист како и да биле тука во канцелариите. Од тие причини смета дека апсолутно треба да стои можноста и како што беше кажано и од Синдикалната организација, со организација од непосредниот раководител. Кој, кога, како може, не мора да биде задолжително да се работи од далечина, а да се постигне ефектот исто како кога би бил во просториите на Агенцијата, во работно време од 8 часа дневно.

Г-дин Трајчев рече дека од искажаните дискусии смета дека треба нешто да појасни. Повтори дека вработените заслужуваат и повеќе и дека во овој Колективен договор има работи коишто треба да се поддржат. Рече дека доколку би бил на местото на вработените веројатно исто би кажал, но кога тие би биле на негово место би го кажале она што тој го гледа. Тие тука дејствуваат во својство на членови на Совет каде што треба да одобрат нешто и како правник гледа работи кои што можат да доведат до недоречености, до судски спорови во иднина помеѓу Агенцијата и вработените, затоа што некои формулации не се соодветно предвидени. Не е против да се работи од дома, и тие како членови на Совет работеле онлајн, па и пет дена ако дозволува работата да биде од дома, ефикасни се тие работи, но постојат работни места коишто не го

дозволуваат тоа. Работењето од дома не е привилегија. Рече дека повторно ќе се наврати на член 7, но има и многу други членови за коишто може да се дискутира. На пример раководителот може и цела недела вработениот да го остави од дома да работи затоа што има мерливи критериуми како тоа да се утврди. Но некои работни места тоа не го дозволуваат. Во Предлог-колективниот договор за секој вработен е еднаш неделно. Се изјасни дека принципиелно тој тоа не може да го одобри. Има и други одредби, како на пример во преодните одредби каде што се вели дека после две години, ако не се продолжи овој Договор, останува на сила постојано. Според него оваа одлука што сега треба да ја донесат може да има сериозни последици за Агенцијата долгорочно, утре во односите со Синдикатот. Во секој случај, правата кои се дадени во договорот треба да бидат дадени, но заради начинот како се дадени нема да го поддржи принципиелно. Веројатно рече и вработените да се на негово место низ правна призма тоа така ќе го гледаат. Рече дека не треба да има забуни, дискусијата не треба да се одвива на овој начин, но Предлог-колективниот договор вака како што е предложен, во форма која што е веќе завршена и преговарана, нема да го поддржи.

Г-дин Петрушевски рече дека би било добро одлуката што ќе ја донесат да биде со поголемо мнозинство. Секако не мора сите членови на Советот за сè да се согласат. Забелешките на г-дин Трајчев се пообемни, и не може денес да каже, да предложи, што сè треба да се смени. Забелешките на г-дин Јанчески се исто сериозни, не знае дали е во можност сега на седницата да предложи нешто или му треба некое време. Во таа насока ги замоли да се изјаснат.

Г-дин Трајчев рече дека е веќе преговарано со Синдикатот и не може сега да менуваат нешто што Синдикатот нема да го прифати. Затоа требало претходно да бидат вклучени.

Г-дин Трајчевски рече пред Советот да гласа сака да најави дека ќе има измена во делот на преодни и завршни одредби каде што пишува „овој колективен договор стапува во сила со денот на склучување". Објасни дека треба да се додаде дека ќе се применува од 1 декември во делот на платите затоа што платите на вработените мора прво да бидат усогласени со Правилникот за плати.

Г-дин Петрушевски го стави на гласање Предлог-колективниот договор со корекцијата на датумот во делот на платите да се применува од 1 декември 2024 година.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за" и два гласа против од г-дин Трајчев и г-дин Јанчески даде одобрување на директорот на Агенцијата да го потпише Колективниот договор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со тоа што во преодни и завршни одредби да се утврди дека одредбите за платата, надоместоците на платата и други примања ќе се применуваат од 1 декември.

Синдикалната организација на Агенцијата да ги изврши следниве измени: Во Глава IV, во членот 20, ставот (17) се брише, во Глава VI, во членот 44, по ставот (2) се додава нов став кој гласи: "Членот 20 ќе започне да се применува започнувајќи од исплатата на плата за месец декември 2024 година". Ставот (3) станува став (4).

По потпишувањето на Колективниот договор од страна на директорот на Агенцијата и претседателот на Синдикалната организација на Агенцијата, истиот заверен да се достави до Синдикатот на УПОЗ на негово потпишување.

Горенаведениот Колективен договор да се достави по електронска пошта до вработените во Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Г-дин Фиданоски рече дека принципиелно ќе предложи, како и во минатото за одредени точки кои не се иста материја но се сензитивни за дискусија. Не знае уште колку време во овој состав ќе работи Советот, но замоли во иднина ако е можно, ако дозволува  и времето, итноста или слично, ваков тип на документи да ги добиваат ден или два порано, за да имаат повеќе време сеопфатно да ги разгледаат.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо  ПЕТРУШЕВСКИ**